НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
NATIONAL SWIMMING FEDERATION

До: ПК„СКОПЈЕ„СКОПЈЕ

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 03 – 1231
10.11. 2020 год.
СКОПЈЕ

За претседателот
Г-дин Методија Ангелески

Предмет: Укажување

Почитуван претседател на ПК Скопје, Би сакале да ви укажаме на низа неправилности кои ги увидовме при вашата покана со истакнати пропозиции за меѓународниот натпревар со име " Скопје Опен " кој го организирате како клуб домаќин на 14 и 15.11.2020 година. Во пропозициите на натпреварот на првата страна е истакнато дека се работи за отворено првенство на Град Скопје а веќе во следната страна дека како организатор се јавува Градски пливачки сојуз - Скопје покрај клубот кој го претставувате. Исто така имате истакнато дека натпреварот ќе се одвива според правила на Македонска пливачка федерација како правен субјект со име на организација која не ја препознаваме и не постои. Се надеваме дека сте направиле ненамерна грешка бидејќи овој натпревар во ниту еден случај нема да се земе како валидно првенство на град Скопје, а дополнително на тоа во самата организација се појавува субјект со назив Градски пливачки сојуз кој исто така освен името нема ништо заедничко со валиден пливачки сојуз на некој регион од нашата држава. Национална пливачка федерација на Северна Македонија е една и единствена организација која е во надлежност за пливачкиот спорт во нашата држава а вие како клуб член на истата покажувате континуирано непочитување на истата од ваши себични потреби со што нанесувате огромна штета на македонското пливање. Би сакале да ве потсетиме дека вашиот коорганизатор кој се нарекува градски пливачки сојуз има отворен проблем со повеќе пливачки клубови на кои не им ги исплаќа паричните средства доделени од државата како помош за Ковид кризата. Вашата соработка со овој субјект е доказ за вашата слаба колегијалност кон вашите колеги, но и причина плус покрај другите непочитувања од ваша страна кои се наведени погоре да бидеме приморани како федерација да истакнеме писмена опомена за вашето однесување и непочитување на правила.

Исто така би сакале да ве потсетиме на непријатностите и нарушувањето на угледот на клубовите кои ги направивте минатата година на вашиот натпревар " Скопје опен " кога во официјалните резултати ги избришавте клубовите и допишавте некоја непозната кратенка од непостоечка федерација. Од тие причини заклучуваме дека континуирано ја дискредитирате федерацијата а со тоа и самите клубови кои се членки на истата а тоа е прекршок кој нема да го толерираме.

Национална пливачка федерација
Претседател

10.11.2020

М-р. Александар Филипчев

НАЦИОНАЛНА ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА
Скопје

Конт. адреса: Сала КК Работнички, Градски Парк, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија тел +389 78 386 236; +389 70 27 97 34; e-mail: aleksandarf@yahoo.com swimmkd_b@hotmail.com

www.pfm.org.mk

Scanned with CamScanner